Лудвиг Болцман Институтот за човекови права, со финансиска поддршка од Австриската Развојна Соработка и Министерството за Труд и Социјална Политика со задоволство го објавува следниов

**ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

**За 8 (осум) партнер општини**

**Во рамките на проектот**

Социјална инклузија и Човековите права во Македонија

**“ПЗЧП од теорија во пракса – нова димезија во поглед на човекови права кон социјална инклузија и намалување на сиромаштијата”**

Проектот има за цел да го поддржи пристапот заснован на човековите права во процесот на планирање на националните и локалните власти коишто се занимаваат со социјална инклузија, социјална заштита и намалување на сиромаштија. Тоа вклучува идентификација на ранливите групи на граѓани, консолидирање на нивното учество во дизајнирањето и имплементирањето на специфични политики насочени кон подобрување на нивната благосостојба и поддршка во креирањето на ефективен систем на мониторинг на релевантните носители на обврски.

Поточно, проектот цели кон зајакнување на капацитетите на децентрилизираните канцеларии на МТСП (центри за социјална работа) и Агенцијата за вработување – како и на локалните власти да обезбедат соодветни социјални услуги за најранливите групи на граѓани почитувајќи ги принципите на пристапот заснован на човековите права. Земајќи го во предвид процесот на децентрализација, проектот ќе ја истакне обврската на властите да бидат поблиску до граѓаните, особено до најранливите и најсиромашните групи на граѓани.

Проектот ќе ја зајакне координацијата помеѓу граѓанското општество во неговата улога на социјален партнер и ќе ги подобри неговите капацитети во поглед на мониторирањето на институциите за да се загарантираат националните и меѓународните човекови права кои се во сила во Р.Македонија.

Во рамките на проектот, во избраните општини ќе бидат имплементирани следниве активности:

- Истражувачка работа и обуки за социјална инклузија со посебен акцент на носителните на обврски на национално и локално ниво;

- Создавање на локална партнерска група (ЛПГ) со секоја од избраните општини, со цел да се воспостави платформа за дискусија и имплементација на ПЗЧП во поглед на социјалната инклузија и политиките за социјална заштита;
- Активности за градење на капацитети за секоја од групите на селектираните општини за социјална инклузија, ПЗЧП и човековите права;
- Подготовка на стратешки документи;
- Имплементација на микро проекти за локални НВОи како поддршка за стратешките документи и тоа во износ од 9.000,00 Еур (неопходно е кофинансирање во износ од 2.000,00 Евра од страна на секоја од општините);
- Градење на капацитетите на НВОи во поглед на мониторањето и јавното учество.

Предност ќе имаат општините каде што персоналот ќе даде силна заложба.

Формуларите за аплицирање можат да се најдат на следнава веб адреса: http://bim.lbg.ac.at/makedonija

Истите треба да се испратат до

Лудвиг Болцман Институтот за човекови права (БИМ-ФВ) Скопје
Ул.Вељко Влаховиќ 1а ¼ Скопје

Најдоцна до  31.03.2010.

За сите подетални информации можете да не побарате на долунаведените телефонски броеви или по електронска пошта наведена во продолжение

Tel.: +389 2 3216 956
Fax.: +389 2 3216 982
e-mail: Jagoda.iljov@univie.ac.at

** Со цел да се зајакне меѓуопштинската соработка, соседните општини кои алпицираат заеднички ќе имаат предност пред поединечни апликанти.*